УНИВЕРЗИТЕТ
„Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ -
БИТОЛА

# *Хоризонти*

Година V Број 5 Декември 2009
БИТОЛА

Издавач: Универзитет "Св.Климент Охридски"-Битола
За издавачот: проф. д-р Златко Жоглев, ректор

Редакциски одбор:

проф. д-р Пере Аслимоски, проректор
проф. д-р Сашо Атанасоски, проректор
проф. д-р Љупчо Трпезановски, проректор
м-р Офелија Христовска, генерален секретар

уредник: м-р Елена Китановска-Ристоска

ISSN 1857- 6206

Печати: АД "Киро Дандаро"-Битола
тираж: 300 примероци

## СОДРЖИНА

м-р Севде Ставрева, д-р Марко Серафимов, *Потрошувачка на енергија за различни решенија на двоканални климатизациони системи* ........ 1
д-р Владимир Мијаковски, Никола Мијаковски, *Искористување на чадните гасови од ТЕЦ „Битола" за загревање на вода за далечинско греење на градот Битола* ........ 11
д-р Верица Данчевска, *Важноста на Пан-европските коридори VII и X за Република Македонија* ........ 21
м-р Бети Анѓелевска, д-р Весна Микаровска, *Изградба на национална стратегија почист урбан сообраќај* ........ 29
д-р Елизабета Христовска, *Насоки за правилна експлоатација и продолжување на векот на ротирачки багер* ........ 39
д-р Зоре Ангелевски, д-р Силвана Ангелевска, дипл. маш.инж. Иво Кузманов, *Документацијата како основа на стандардот ISO 9001:2000* ........ 47
д-р Рамона Маркоска, д-р Томе Јолевски, д-р Илија Јолевски, *Cloud computing и методологија за менаџмент на информацискиот ток во дигитални бизнос системи* ........ 55
м-р Тони Јанкуловски, *Фактор на влијание на проценката на животниот циклус* ........ 65
м-р Тони Јанкуловски, д-р Александар Маркоски, *Модел на интеграција на проценката на животниот циклус во спиралата на квалитет* ........ 75
д-р Зоре Ангелевски, д-р Силвана Ангелевска, дипл. маш. инж. Иво Кузманов, *Модел за задоволување на барањата на купувачите во склад со серијата стандарди ISO 9000* ........ 85
м-р Марија Миленковска, *Апсорпциониот капацитет на Република Македонија за прием на средствата од Европската унија* ........ 95
м-р Снежана Мојсовска, *Банкарско наспроти пазарно ориентирани финансиски системи и нивното значење, предности и недостатоци за развој на инвестициските фондови* ........ 105
м-р Елена Темелковска, м-р Елена Тиловска-Кечеџи, *Република Македонија во Европа или во западен Балкан* ........ 115
м-р Елизабета Тошева, *Улогата на менаџментот на човечки ресурси во креирање одржлива конкурентска предност* ........ 121
д-р Бранко Аслимоски, *Улогата на интернетот во туристичките претприемнички активности* ........ 135
д-р Иванка Несторовска, *Улогата на Светската туристичка организација во развојот на меѓународниот туризам* ........ 145
д-р Симона Мартиновска, д-р Татјана Димоска, *Алтернативен туризам-практични аспекти* ........ 155
д-р Ирина Петровска, *Етнографски вредности во промотивната литература* ........ 165
д-р Снежана Никодиновска, *Лисабонски договор-главни институционални иновации* ........ 171
м-р Татјана Гергинова, *Системот за безбедност на Република Македонија* ........ 181
м-р Сашо Герасимоски, *Ризиците и приватната безбедност* ........ 193
д-р Марина Малиш-Саздовска, *Раководење со критични инциденти* ........ 205
д-р Искра Аќимовска-Малетиќ, *Правна заштита на личните податоци* ........ 215
д-р Светлана Николоска, *Кривично-правни аспекти на перењето пари во Република Македонија* ........ 225
м-р Весна Стојковска, *Правото на правична постапка во процесот на медијација меѓу сторител и жртва* ........ 235

д-р Марија Игњатовиќ, *Регулирање на имотно-правните односи на брачните другари во правото на Република Македонија* ........ 245
м-р Данијела Смилевска, *Стока со која се повредува правото на интелектуална сопственост* ........ 255
м-р Рајна Бадева, *Мобингот како специфичен облик на однесување на работното место* ........ 265
м-р Елена Тиловска-Кечеџи, м-р Елена Темелковска, *Прекршување на човековите права и Меѓународниот кривичен суд* ........ 277
м-р Катерина Крстевска, *Претресот на лице во македонскиот правен систем и потребата од негово прецизно дефинирање* ........ 283
Рисетвска Горадана, Пашанко Оливера, Ристевска Стојна, Јовановска Тања, Гагачовска Биљана, Трпеска Даниела, *Работното место како стрес фактор за појава на акутни психотични растројства* ........ 295
м-р Елизабета Попова-Рамова, д-р Анастасика Попоска, м-р Викторија Стојчевска-Продановска, Оливер Грамосли, Ангелина Димитровска, *Социјално прифатливи можности за третман на деформитети на `рбет* ........ 301
д-р Ленче Мирчевска, м-р Снежана Мојсоска, м-р Тања Јовановска, *Образованието како индикатор на социо-економскиот статус на влијанието врз здравјето на населението во Р.Македонија* ........ 315
д-р Миле Миќуновиќ, *Позитивно сексолошко воспитување* ........ 327
д-р Деан Илиев, *Односот помеѓу истражувачките парадигми-теориска основа на акционите истражувања* ........ 337
д-р Јасмина Старц, *Образовно советување на ученици од различни етнички групи* ........ 349
м-р Елена Китановска-Ристоска, *Интертекстуалноста на јазикот во поетското остварување Фенс на Роберт Лоуел* ........ 365
м-р Даниела Андоновска-Трајковска, *Влијанието на курикулумот врз методскиот пристап кон креативното пишување во Канада* ........ 379
м-р Виолета Јанушева, Милена Пејчиновска, *Методика на картографско описменување и развој на вештини за работа со карта во одделенска настава* ........ 389
м-р Виолета Јанушева, *Транзитивизацијата на непрефиксираните едноаргументски глаголски предикати во македонскиот јазик, во говорот на Битола и битолско* ........ 401
м-р Гордана Стојановска, *Песна над песните-воспевање на божјата или пофалба на човечката љубов* ........ 411
м-р Зорица Трајкова, *Алудирањето како индиректна стратегија на изразување барања* ........ 421
м-р Силвана Нешковска, Благодарам *и* фала *во македонскиот јазик и* thank you *и* thanks *во англискиот јазик во функција на маркери на учтивост* ........ 433
м-р Весна Трајковска, *Зборови со коренот „crim-"/„крим-" во англискиот и во македонскиот јазик* ........ 445
д-р Ели Милошеска, *Света Недела во фолклорната традиција и народните верувања на Македонците* ........ 455
м-р Александар Јованоски, *Едно видување на животот и делото на Партениј Зографски* ........ 469
д-р Оливер Бакрески, Приказ на книга *Приватна безбедност* од проф. д-р Јордан Спасески, проф. д-р Пере Аслимоски, ас.м-р Сашо Герасимоски ........ 481

удк 338.48-6:7/8
338.48-6:7/8 (497.7)

# АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ-ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ[61]

**Проф. д-р Симона Мартиноска**
**Д-р Татјана Димоска**
**Факултет за туризам и угостителство, Кеј Маршал Тито 95 - Охрид**
**fimasi@yahoo.com**
**tanjadimoska@yahoo.com**

**Апстракт**

Алтернативниот туризам се појавил во раните 1980-ти години како дел од платформата на адаптирање (период од развојот на туризмот по II Светска војна) и може да се рече дека претходи на идејата за одржливост во областа на туризмот. Тој се класифицира на: природен туризам, културен туризам, настани и останати видови на туризам. Посебна категорија во рамките на настаните се карневалите. Во овој труд посебен акцент е ставен на Вевчанскиот карневал - историските фази во неговиот развој, организационата поставеност и изведување, како и предлозите за неговото унапредување.

*Клучни зборови*: алтернативен туризам, настани, карневал, Вевчански карневал

# ALTERNATIVE TOURISM-PRACTICAL ASPECTS

**Abstract**

The alternative tourism emerged in the early 1980s as a part of the adaptancy platform (period of tourism development after Second World War) and may therefore be regarded as an early form of engagement with the idea of sustainability in the tourism. He is classificated in natural tourism, cultural tourism, events and other forms of tourism. Special category of events is carnivals. In this paper, main accent is point on the carnival of Vevchani -

[61] стручен труд

historical steps of his development, organizational structure and performance, as well as suggestions of its improvement.

*Key words*: alternative tourism, events, carnival, carnival of Vevchani

## ВОВЕД

Една од препознатливите карактеристики која претставува обележје на модерниот цивилизиран свет, покрај техничкиот прогрес, развојот на компјутерите и роботизацијата, секако денес е и модерниот туризам.

Почнувајќи од "предтуристичката епоха" или "епохата на аналогните појави на туризмот", па сè до "епохата на современиот туризам", тој еволуирал во составен дел на нашето секојдневие, во феномен на современиот живот, во сосема предвидлива реалност на иднината.

Својата експанзија туризмот ја доживува во услови на висока индустријализација, развој на науката и техниката, урбанизација, создавање на потрошувачко општество, односно пораст на животниот стандард и демократизација на правото на слободното време. Ова доведува до демократизација и омасовување на туризмот.

Туризмот е можност за современиот човек привремено да излезе од рамката на секојдневието. Ваквиот "ескапизам" од секојдневието сеуште спаѓа претежно во секундарните потреби на современиот човек, но со тенденција за брзо трансформирање во примарна потреба.

Туризмот како комплексен општествено-економски феномен најопшто може да се класифицира во 2 типа:

- масовен туризам и
- алтернативен туризам.

## АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ

Еволуцијата на глобалниот туристички сектор после Втората Светска војна според Jafari минува низ четири фази (платформи).[62] Овие платформи всушност претставуваат основа за разбирање на појавата и развојот на одржливиот туризам. Тоа се: платформата на пропагирање на туризмот (1950-те и 1960-те години),

[62] Weaver D.:*Sustainable tourism: Theory and practice*,Elsevier Ltd.,2006,p.5

предупредувачката платформа (доцните 1960-ти и раните 1970-ти години), платформата на адаптирање (доцните 1970-ти и раните 1980-ти години) и платформата базирана на знаење (доцните 1980-ти и 1990-ти години).

Алтернативниот туризам се појавил во раните 1980-ти години како дел од платформата на адаптирање и може да се рече дека претходи на идејата за одржливост во областа на туризмот.

Карактеристично за алтернативниот туризам е постоењето на поголем контакт помеѓу туристите и заедницата, како и водење на поголема грижа за заштита на животната средина.

Карактеристиките на алтернативниот туризам, а во исто време и неговите разлики со конвенционалниот масовен туризам се претставени во следната табела.

Tabela 1

Карактеристики на масовниот версус алтернативниот туризам

| **Конвенционален масовен туризам** | **Алтернативни форми на туризам** |
|---|---|
| **Основни карактеристики** | |
| Брз развој | Бавен развој |
| Максимизирање | Оптимизирање |
| Социјална/енвиронментална невнимателност | Социјална/енвиронментална внимателност |
| Неконтролиран | Контролиран |
| Краткорочен | Долгорочен |
| Секторски | Холистички |
| Оддалечена контрола | Локална контрола |
| **Развојни стратегии** | |
| Развој без планирање | Прво план, потоа развој |
| Проектно водени шеми | Концепциски водени шеми |

| | |
|---|---|
| Туристички развој насекаде | Развој во соодветни места |
| Концентрација на користите | Дифузија на трошоци и користи |
| Нови градби | Ре-употреба на постоечките градби |
| Развој од странски лица | Развој од локални лица |
| "Увоз" на работна сила | Користење на локалните вработени |
| Урбана архитектура | Домашна архитектура |
| **Туристичко однесување** | |
| Големи групи | Поединци, семејства, пријатели |
| Фиксирани програми | Спонтани одлуки |
| Малку време | Многу време |
| Разгледување | Искуство |
| Увезени животни стилови | Локален животен стил |
| Удобен / пасивен | Захтевен / активен |
| Гласен | Тивок |
| Купување | Носење подароци |

Извор: Scharpley R. and Telfer J.D.: *Aspects of tourism: Tourism and development - concepts and issues*, Ontario,Canada, 2004, p. 324

Алтернативниот туризам може да се класифицира на: природен туризам, културен туризам, настани и останати видови на туризам.[63]

Природниот туризам се одвива во природните простори со истовремено водење на грижа за заштита на тие простори и може да се класифицира како: екотуризам, авантуристички туризам и натура туризам.

Културниот туризам подразбира контакти помеѓу претставниците на различните култури со истовремена едукација за културите и може да биде: археолошки туризам, рурален туризам, религиозен туризам и етнички туризам.

---

[63] Newsome D.,Moore S.A.,Dowling R.K.: *Natural Area Tourism: Ecology, Impacts and Management*, UK:Channel View publications, 2002

Во останати видови на туризам спаѓаат сите видови на туризам кои не се вклучени во претходно наведените класификации. Тука може да се наведат: едукативниот туризам, урбаниот туризам, волонтерскиот туризам, туризам на фарми и др.

## НАСТАНИ (EVENTS)

Кога станува збор за настаните, Shone and Parry предлагаат типологија која може да се смета како основа за разбирање на нивната широчина и разновидност (слика 1).

Слика 1
Типологија на настани на Shone and Parry




Извор: Tum J., Norton Ph., Wright J.N.: *Management of Event Operations*, Elsevier, 2006,p.10

За разлика од типологијата на Shone and Parry, типологијата на Getz е подетална, со истовремено вклучување на категориите: едукативни настани и научни настани (слика 2).

Слика 2
Типологија на настани на Getz

**културни настани:**
- фестивали
- карневали
- религиозни настани
- паради
- културно наследство
- комеморации

**уметност/забава:**
- концерт
- други претстави
- егзибиции
- церемонии на доделување награди

**бизнис/трговија:**
- изложби, саеми,аукции
- потрошувачки и трговски претстави
- изложби
- состаноци /конференции
- пропагандни настани
- настани на финансирање

**спортски натпревари:**
- професионал ни
- аматерски

**едукативни и научни:**
- семинари, работилници
- конгреси
- интерпретативни настани

**рекреативни:**
- игри и спортови
- забавни настани

**политички/државни:**
- инаугурации
- инвестирања
- ВИП посети
- политички собири

**приватни настани**

**персонални прослави**
- годишници
- семејни одмори
- обреди на патници

**социјални настани:**
- забави
- собири

Извор: Tum J., Norton Ph., Wright J.N.: *Management of Event Operations*, Elsevier, 2006,p.11

Мора да се напомене дека секој настан е уникатен, а таа уникатност всушност претставува предизвик за менаџерите.

Притоа, од особена важност за организаторот се четирите основни карактеристики на настаните:[64]

- број и волумен на аутпут;
- комплексност и вариетет на услуги/производи понудени на потрошувачот;
- непостојаност на бројот на учесниците, трошоците, распоредот на активности и техничките барања и
- интеракција со потрошувачот и степен на контакт помеѓу потрошувачот и послужувачот.

## ВЕВЧАНСКИОТ КАРНЕВАЛ КАКО ПРИМЕР НА КУЛТУРЕН НАСТАН

Вевчанскиот карневал во својот развоен пат од неговите почетоци до денес, поминал низ различни фази.

Почетоците на карневалските форми во Вевчани не може точно да се одредат временски. Се смета дека тоа се првите години на христијанството односно VII-IX век, кога се забележуваат примери на куќно, семејно и маалско маскирање.

Како прва фаза во неговиот развој се смета периодот од крајот на VII век па сè до XVIII век, за која не постојат пишувани податоци, туку информациите за маската и маскирањето се сведуваат на преданијата и информациите од поединци. Во овој период, племето Брсјаци кое го населува посторот на Вевчани и поширокиот струшки крај, го прима христијанството, неговите верувања и празнувањето на Василица. Соочени со болестите (тифус и колера) кои однеле многу човечки животи во тој период, луѓето почнале да се маскираат со колку што е можно пострашни маски, се молеле на светците, изведувале најразлични обреди со цел да го истераат злото и несреќите од селото, да ги заштитат селаните, да ја испратат старата година со лошите спомени во неповрат и среќно да ја дочекаат новата година, со род и бериќет. Во овој период како повисока

[64] Tum J., Norton Ph., Wright J.N.: *Management of Event Operations*, Elsevier, 2006,p.10

развојна форма се забележува и маалско маскирање кое ги надминува границите на семејното и куќното маскирање.

Втора етапа претставува периодот од втората половина на XVIII век до 1902 година. Карактеристично за овој период е што се забележува разновидност на маскирањето со нови содржини на маски. Новина претставува и носењето на василичарскиот бајрак на кој биле претставени композиции кои ја прикажуваат моќта на Свети Василиј кој се справува со лошите духови и страшните суштества на земјата, а денес се чува во селската црква “Свети Никола”. Посебно нова димензија во овој период претставува искористувањето на карневалот за спроведување на политички акции односно за договарање на селаните како да се справат со притисоците на турското ропство.

Трета етапа во развојот на карневалот претставува периодот од почетокот на 1902 година до крајот на 2002 година. Тоа е период кој ги опфаќа: Илинденското востание, балканските војни, Првата и Втората Светска војна, кои секако негативно се одразуваат на карневалот. Но, сепак и покрај падовите, карневалот сепак се организира и одржува секоја година без исклучок.

Врвен развој на Вевчанскиот карневал претставува последната деценија на XX век. Во овој период, поточно во 2000-та година за прв пат во историјата на карневалот се забележуваат и женски антропоморфни маски кои рамноправно се вклучуваат во поворките на василичарите. Овој период е особено важен и поради фактот што во 1993 година Вевчани станува член на Здружението на европските карневалски градови (FECC).

## НАСОКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАНОТ

Во функција на развојот на туризмот во регионот на Струга, пред с# треба да се обрне внимание на промоцијата на Вевчанскиот карневал. Имено, карневалот треба да зазема значајно место во сите пропагандни средства кои го промовираат регионот на Струга како туристичка дестинација. Исто така, од огромно значење е формирањето на музеј за Вевчанскиот карневал во кој ке бидат сочувани значајни артефакти преку кои ќе може хронолошки да се согледа развојот на карневалот. Сето тоа претставува значајна база за зголемување на туристичкиот промет во овој регион, а адекватно на тоа и на приходите по основ на развојот на културниот (карневалскиот) туризам - организирање на туристички патувања и екскурзии во времето на одржување на карневалот, па дури и

вклучување на туристите во самиот чин на изведување на карневалските активности и обреди, како и организирање на туристички патувања во останатите периоди од годината со цел посета на музејот за карневал.

## ЗАКЛУЧОК

Алтернативниот туризам се појавил во раните 1980-ти години како дел од платформата на адаптирање (период од развојот на туризмот по II светска војна) и може да се рече дека претходи на идејата за одржливост во областа на туризмот. Притоа, посебна категорија во рамките на алтернативниот туризам претставуваат настаните. Мора да се напомене дека секој настан е уникатен, а таа уникатност всушност претставува предизвик за менаџерите. Во мноштвото на различните категории на настани се класифицирани и карневалите како посебен вид на културни настани.

Во функција на развојот на туризмот во регионот на Струга, пред с# треба да се обрне внимание на промоцијата на Вевчанскиот карневал. Имено, карневалот треба да зазема значајно место во сите пропагандни средства кои го промовираат регионот на Струга како туристичка дестинација, а од огромно значење е и формирањето на музеј за Вевчанскиот карневал во кој ке бидат сочувани значајни артефакти преку кои ќе може хронолошки да се согледа развојот на карневалот. Сето тоа ќе резултира со зголемување на туристичкиот промет и приходите по основ на туризмот во овој регион како резултат на развојот на културниот односно карневалскиот туризам.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Каланоски И.: *Вевчански карневал*, Институт за национална историја, реклам Ен-Ес-Скопје, Вевчани, 2001
2. Каланоски И.: *Вевчански карневал книга II, Вистински приказни за Василица*, Вевчани, 2004
3. Крстевски Х.: *Карневалите во Македонија*-студија, Ктитор, 1994
4. Morgan M.: *Marketing for leisure and tourism*, Pearson Education Limited, England
5. Newsome D., Moore S.A., Dowling R.K.: *Natural Area Tourism: Ecology, Impacts and management*, UK: Channel View publications, 2002

6. Scharpley R. and Telfer J.D.: *Aspects of tourism: Tourism and development - concepts and issues*, Ontario, Canada, 2004
7. Tum J., Norton Ph., Wright J.N.: *Management of Event Operations*, Elsevier, 2006
8. Weaver D.: *Sustainable tourism: Theory and Practice*, Elsevier, 2006